Уп. Бр.08-111/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Нелт КО Д.О.О. Белград со регистрирано седиште на адреса Маршал Тито бр. 226б, Добановци, Република Србија и Нерегелиа Д.О.О. Подгорица со регистрирано седиште на Цетињски пут ББ, Подгорица, Црна Гора, преку полномошник Андреа Лазаревска, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 06.09.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на Нелт КО Д.О.О. Белград со регистрирано седиште на адреса Маршал Тито бр. 226б, Добановци, Република Србија врз друштвото ДИ ВЕЈ д.о.о со регистрирано седиште на адреса Маршала Тита бр. 226б, Добановци, Република Србија, и, од друга страна, стекнување на единствена контрола од друштвото Нерегелиа Д.О.О. Подгорица со регистрирано седиште на Цетињски пут ББ, Подгорица, Црна Гора врз друштвото ДИ Веј д.о.о., со регистрирано седиште на Цетињски пут ББ, Подгорица, Црна Гора, по пат на купопродажба на удели иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 28.07.2023 година, а дополнето на 08.08.2023 година и 21.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Нелт КО Д.О.О. Белград со регистрирано седиште на адреса Маршал Тито бр. 226б, Добановци, Република Србија и Нерегелиа Д.О.О. Подгорица со регистрирано седиште на Цетињски пут ББ, Подгорица, Црна Гора, со која Нелт КО Д.О.О. Белград ќе стекне единствена контрола над друштвото ДИ ВЕЈ д.о.о со регистрирано седиште на адреса Маршала Тита бр. 226б, Добановци, Република Србија, и, од друга

страна друштвото Нерегелиа Д.О.О. Подгорица ќе стекне единствена контрола над друштвото ДИ Веј д.о.о., со регистрирано седиште на Цетињски пут ББ, Подгорица, Црна Гора, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Нелт Ко д.о.о. Белград и Нерегелиа д.о.о. Подгорица** или друштвата што стекнуваат контрола, припаѓаат и работат во рамките на Групацијата на друштва НЕЛТ ("Групација НЕЛТ"). Групацијата НЕЛТ е активна на 11 пазари во регионот на Југоисточна Европа и Субсахарска Африка и има околу 4.000 вработени. Групацијата НЕЛТ обезбедува интегрирани услуги за дистрибуција и логистика на своите домашни и меѓународни клиенти преку мрежа на дистрибутивни центри и оперативна поддршка во секоја земја во која е активна.

Во Република Северна Македонија, Групацијата НЕЛТ е присутна преку три претпријатија-ќерки:

- Нелт СТ ДООЕЛ, со регистрирано седиште на Илинден 32 бр. 20, Скопје, кое е активно во дистрибуција,
- Нелт Лог ДООЕЛ, со регистрирано седиште на Илинден 32 бр. 20, Скопје, кое е активно во логистика и
- Нелт Лајн ДООЕЛ, со регистрирано седиште на Илинден 32 бр. 20, Скопје, кое е активно во транспорт.

**ДИ Веј д.о.о., (Белград) и ДИ Веј д.о.о., (Подгорица)** како основна дејност, вршат дистрибуција и продажба на стоки за широка потрошувачка. Овие две друштва можат да понудат комплетна услуга на клиентите, од увоз и царинење на стоки, преку маркетинг активности, до продажба и испорака. Покрај продажбата, сѐ поголем акцент се става на услугите „трговски маркетинг“ кои овие друштва им ги обезбедуваат на своите клиенти. Станува збор за маркетинг услуги кои друштвата ги обезбедуваат преку аранжирање на производи во продавници, дизајнирање и спроведување на промотивни активности, брендирање возила или производство и пласирање рекламен материјал.

ДИ Веј д.о.о., (Белград) и ДИ Веј д.о.о., (Подгорица) ќе бидат продадени од страна на иста компанија, односно Прелимио Холдингс Лимитед. По затворањето на Трансакцијата, овие друштва ќе бидат дел од истата групација на компании: ("Групација НЕЛТ").

ДИ Веј д.о.о., (Белград) и ДИ Веј д.о.о., (Подгорица) не остваруваат никакви приходи и воопшто не се присутни во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**